**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103- 69/5**

**Скопје, 18.02.2008 година**

**НУ МАКЕДОНСКА ФИЛХАРМОНИЈА СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на НУ Македонска филхармонија - Сметка за приходи од самофинансирачки активности, за 2006 година, кои се прикажани на страните од 5,6 и 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е извршена ревизија, и не е издаден извештај за финансиските извештаи на НУ Македонска филхармонија - сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Проф.М-р Валери Стефановски , директор до 17.11.2006 година
   - М-р Страшо Темков, в.д директор од 17.11.2006 година, а овластен потписник од 12.12.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 14.12 2007 до 28.12.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 10.1. Неправилна примена на акти

10.1.1. Македонската филхармонија остварува приходи од продажба на билети, без претходно донесен акт од органот на управување за висината на цената на билетите. Цената на билетите ја утврдува директорот по свое сопствено видување во зависност од програмската активност. Ревизијата со увид во прегледите за издадени билети утврди дека 80% од вкупно издадените билети се гратиси, што исто така претставува политика на директорот а не и политика утврдена од органот на управување, согласно утврдени критериуми за издавање на гратис билети. Ваквата пракса која има за цел да донесе публика за следење на Програмата има значајно влијание на намалување на приходите од продажбата на билетите и тоа за 46%, во однос на претходната година.

10.1.2. Македонска филхармонија остварува приходи од изнајмување музичка опрема, без претходно донесен акт од органот на управување за висината на надоместокот за изнајмување. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на остварените приходи по овој основ, поради тоа што висината на надоместокот се утврдува без претходно направени пресметки што не дава доволно уверување дека со надоместокот што го плаќаат корисниците реално ќе бидат надоместени трошоците за одржување на користената музичка опрема во тековната година .

**Препораки и мерки:**

1. Органот на управување на НУ Македонската филхармонија да донесе ценовник за симфониски концерти и други програмски активности врз основа на кои реално ќе се утврдат цените на билетите за тековниот репертоар. Да се утврди на кои корисници, и на кој начин ќе се врши распределба на гратис билетите со цел намалување на давање гратис билети, и зголемување на наплатата на приходите од продажбата на билетите.

2. Да се донесе ценовникот и да се утврдат критериумите за изнајмување на музички инструменти со цел реално надоместување на трошоците за нивното користење.

10.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Во Македонската филхармонија не е извршено разграничување на должностите во процесите на дистрибуција на билетите и прибирањето на приходите од продажба на билети. Овие процеси се во надлежност на едно лице што укажува на фактот дека не е воспоставен систем на интерни контроли спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Исто така билетопродавачот не се задолжува со билетите, ниту се прави попис на непродадените билети за усогласување на фактичка состојба и остварениот приход од продажбата. Ваквиот систем на работење не дава доволно уверување дека сите трансакции во процесот ќе бидат евидентирани во сметководствената евиденција поради што ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните приходи од продажбата на билетите во вкупен износ од 196 илјади денари.

10.2.2. Во сметководствената евиденција на НУ Македонска филхармонија не е извршено усогласување на постојани средства и извори заради несоодветно спроведени книжења од минати години, спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално проценети билансни позиции .

**Препораки и мерки:**

3. Директорот на НУ Македонска филхармонија да воспостави ефикасен систем на интерна контрола и разграничување на должностите кој ќе овозможи целосно следење на процесот на издавање, дистрибуција, чување и наплата на билети и изготвување на поткрепувачка документација. На крајот на годината да се изврши попис на непродадените билети и утврдување на фактичка состојба .

4. Одделението за сметководство да ги утврди разликите кои произлегуваат од минатите години, и проценувањето на билансните позиции содржани во главната книга да ги спроведе според сметководственото начело на парично искажување.

11. Според наше мислење, Билансот на состојба, ја прикажува вистинито и објективно, во сите значајни аспекти финансиската состојба на НУ Македонска филхармонија - сметка за приходи од самофинансирачки активности под 31.12.2006 година,



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

Билансот на приходи и расходи освен за изнесеното во точка 10.2.1. го прикажува вистинито и објективно резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај НУ Македонска филхармонија - Сметка за приходи од самофинасирачки активности, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 15.02.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 721 | 2.235 |
| Трансфери и донации | 60 | 193 |
| **Вкупно приходи** | **781** | **2.428** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 656 | 1.160 |
| Субвенции и трансфери | 109 | 1.179 |
| Социјални бенефиции | 0 | 10 |
| **Вкупно тековни расходи** | **765** | **2.349** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 0 | 51 |
| **Вкупно капитални расходи** | **0** | **51** |
| **Вкупно расходи** | **765** | **2.400** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **16** | **28** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 37 | 39 |
| Побарувања | 15 | 15 |
| **Вкупно тековни средства** | **60** | **62** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 93 | 116 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 16 | 16 |
| **Вкупно постојани средства** | **109** | **132** |
| **Вкупна актива** | **169** | **194** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 13 | 13 |
| Обврски спрема државата и други институции | 1 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4 | 4 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 2 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 13 | 19 |
| **Вкупно тековни обврски** | **33** | **36** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 136 | 158 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **136** | **158** |
| **Вкупна пасива** | **169** | **194** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **158** | **-** | **158** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | - | - | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **22** | **-** | **22** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 22 | | **22** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **136** | **-** | **136** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*